**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА**

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за пробација |
| Одговорно лице и контакт информации: | Александар Пандов, директор на Управа за извршување на санкциите |
| Вид на Извештај | ☒**Нацрт**<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒**Друго** ______________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

*1.1* Опис на состојбите

Основен правен акт со кој се регулира пробацијата е Законот за пробација ("Службен весник на Република Македонија" бр. 226/15), со кој се уредуваат пробациските работи и постапката за извршување на алтернативните мерки условна осуда со заштитен надзор, општокорисна работа и куќен затвор, обврски изречени во кривична постапка согласно со закон (во натамошниот текст: алтернативни мерки и обврски), како и извршувањето на условниот отпуст изречен по одлука на суд, кои се извршуваат во заедницата, целта, положбата на лицата во постапката за извршување на алтернативни мерки и обврски и надзор над извршувањето.

Извршувањето на алтернативните мерки и обврски изречени во кривична постапка е со цел заштита на заедницата од криминал и ресоцијализација и реинтеграција на лицата спрема кои се извршуваат пробациските работи.

Надлежностите на пробациската служба во државата главно вклучуваат активности по изрекувањето на осудителна пресуда и само до одреден степен во текот на судската постапка. Во фазата по донесена пресуда тие може да спроведуваат заштитен надзор определен со условната осуда или условниот отпуст; организирање и следење на извршувањето на општокорисната работа; вршење на надзор со употреба на електронски алатки согласно со закон; како и други работи кои се од значење за извршувањето на алтернативните мерки и обврски (чл. 11 од Законот за пробација). Во текот на судската постапка тие имаат ограничени надлежности, по барање на судот тие имаат надлежност да спроведат процена на ризик (чл. 12 од Закон за пробација) но немаат надлежност да помагаат при надзор во случаи кога е изречена мерка куќен притвор бидејќи истиот е под надлежност на Министерството за внатрешни работи. (Глава XVI од ЗКП).

*1.2* *Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Пробацијата и алтернативните мерки, не се користат во доволна мера во сите делови во државата. Ова се потврдува и во последниот статистички преглед за пробацијата и затворите во Европа. Тие покажуваат дека во споредба со останатите земји-членки на Советот на Европа, Република Северна Македонија има најниска популација под пробациски мерки. Сепак, оваа статистика треба внимателно да се толкува, со оглед на тоа што пробацијата како систем во Северна Македонија се воспостави неодамна. Како што е наведено во извештајот SPACE, првата пробациска канцеларија беше отворена во ноември 2017 година, а другите пробациски канцеларии во земјата почнаа да се отвораат дури во ноември 2018 година.

Како едни од проблемите кои се детектираат во однос на функционирањето на пробациската служба се:

- Недостиг на темелно разбирање за тоа како функционираат алтернативните мерки и пробациската служба во сите региони посебно по однос на нивната практична примена и функционирање на терен. Според нас, ова се должи на фактот што не се целосно усогласени законската и регулаторната рамка, и во одредени случаи недостасува јасност и попрецизни одредби. Понатаму, дури и откога се прецизирани одредбите и се усвоени подзаконски акти (пр. Правилник за регистар, Правилник за општокорисна работа, Правилник за електронски надзор, Упатство за спроведување на инспекциски

надзор) сепак засегнатите страни во голема мера не беа запознаени дека истите се во сила.

- Недоволната свесност за улогата и мандатот на Пробациската служба, а во одредени случаи и недоволна доверба од судството дека пробациската служба може да врши ефикасен надзор над спроведувањето на алтернативните мерки и обврски во пракса.

- Оперативни потешкотии кои во пракса ја попречуваат примената на алтернативните мерки и пробациската служба, а последица на тоа е што иако законот определува некои мерки, тие во пракса не постојат. На пример, куќниот затвор до сега не се применуваше поради немање таква одлука од страна на судот. Управата има на располагање алки за електронски надзор кои биле набавени во 2015 година, но бидејќи станува збор за опрема која застарува со текот на годините потребно беше да се изврши надградба на системот и се разбира негово редовно одржување. Со оглед на тоа дека службата во 2017 постапувала само по 2 предмети, во 2024 по 793 предмети, а заклучно со 31 мај 2025 година има новопримени 421 предмет. Управата склучи договор за надградба и одржување на системот за електронски надзор, па следствено на тоа ги очекуваме првите судски одлуки каде опремата ќе има своја примена. По однос на општокорисната работа, постојат ограничувања за нивно изрекување, за кои Управата даде предлози до Работната група задолжена за измени и дополнувања на КЗ за истите да бидат отстранети како би можел да се прошири опфатот на изрекувањее.

- Недоволна соработка помеѓу надлежните органи посебно нагласено во Пробациските канцеларии надвор од Скопје.

## 2. Цели на предлог регулативата

Според препораките на Советот на Европа во врска со Европските правила за извршување на санкции и мерки во заедницата „Домашното право треба да пропише доволен опсег на адекватни мерки и санкции кои може да се извршуваат во заедницата, и истите да бидат на располагање да се применуваат во пракса" (Основно начело бр. 2).

Со усвојување на Предлог законот за пробација, ќе се овозможи хармонизирање на прописите кои се во надлежност на Управата за извршување на санкциите, надминување на недоследностите на конкретни законски решенија и усогласување на законот со други закони и меѓународни стандарди од областа на извршување на санкциите.

Со предложените законски решенија се предвидува проширување на надлежностите на службата во смисла на изработка на проценки на ризик на барање на јавниот обвинител, теренска работа, теренска работа и проверки за лица за кои се води постапка за условен отпуст, средби со лицата кои добиле условен отпуст во казнено-поправната установа, вклученост на жртвата). Исто така, се предвидува надградба на постоечкиот софтвер за Секторот за пробација.

## 3. Можни решенија (опции)

*3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

/

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

- **<u>Опција 1:</u>** да се направи изречно упатување на Законот за пробација и во Кривичниот законик и во Законот за кривична постапка со што би се кодифицирала улогата на Секторот за пробација, и би се олеснило посеопфатно разбирање на улогата на Секторот за пробација од страна на практичарите на кривично право.
- **<u>Опција 2:</u>** да се усогласи терминологијата која се користи во Кривичен законик со онаа од Законот за пробација, доколку овие разлики постојат во изворните текстови на законите, истите да се усогласат.
- **<u>Опција 3:</u>** да се појаснат надлежностите на пробациската служба и воспитувачите од казнено-поправните установи. Јасното разграничување на задолженија треба да биде усогласено и преточено и во Законот за пробација и во Законот за извршување на санкции.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Се дава детален опис на позитивните и негативните влијанија кои можат да произлезат од секоја од опциите и тоа за:*

*4.1 Економски влијанија*
*(Се опишуваат придобивките и трошоците за економијата во областа, вработувањето и конкурентноста. Особено треба да се опишат влијанијата за малите и средните претпријатија, економските субјекти, потрошувачите, домаќинствата и др.)*

Понудената опција нема да предизвика трошоци за економијата

*4.2 Фискални влијанија*

Средствата за спроведување на законот ќе се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија.
За имплементација на новиот Закон за пробација фискалните импликации се однесуваат на предлогот за проширување на надлежностите (изработка на проценки на ризик на барање на јавниот обвинител, задолжителна теренска работа, теренска работа и проверки за лица за кои се води постапка за условен отпуст, средби со лицата кои добиле условен отпуст во казнено-поправната установа, нов софтвер за Секторот за пробација, вклученост на жртвата). Истите ќе наметнат потреба од:
-Екипирање на Секторот за пробација со нови вработени на централно и локално ниво и нивни обуки согласно Стратегија за развој на пробациската служба и целосно пополнување на веќе предвидените систематизирани непополнети места;
-Нови четири пробациски канцеларии во преостанатите основни судови со проширена надлежност ( Гостивар, Кичево, Кочани и Струга) и нивно опремување, како и доопремување на постоечките канцеларии;
-Службени возила за сите пробациски канцеларии;
-Финансиски средства за надградба на постоечкиот софтвер и
-Поголем Буџет за Секторот за пробација за тековни активности.

Фискални импликации за новиот Законот за пробација опфаќаат:
-Плати - 45.410.940,00 денари;
-Стоки и услуги - 617.384,00 денари и
-Капитални - 30.000.000,00 денари.

*4.3 Социјални влијанија*

Со донесување на Новиот Закон за пробација ќе се зајакне заштитата и унапредувањето на човековите права и родовата еднаквост, заштита на правата на лицата под пробациски надзор и ќе се унапреди начинот на функционирање на пробациската служба.

*4.4 Влијанија врз животната средина*

Предложените решенија нема да имаат влијание врз животната средина

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*
*(Се наведуваат трошоците за спроведување на предлогот на закон – формирање на нови институции/органи или проширување на надлежности и организација на постојни органи, потребни човечки ресурси и нивна обука, инвестиции (канцелариски простор), потребен надзор, опрема и др.)*

Со предложените законски решенија се предвидува проширување на надлежностите на службата во смисла на изработка на проценки на ризик на барање на јавниот обвинител, теренска работа, теренска работа и проверки за лица за кои се води постапка за условен отпуст, средби со лицата кои добиле условен отпуст во казнено-поправната установа, вклученост на жртвата). Исто така, се предвидува надградба на постоечкиот софтвер за Секторот за пробација.

*б) трошоци за почитување на регулативата*
*(Се наведуваат трошоците за почитување на регулативата - воведување на нови административни оптоварувања, формалности и трошоци (лиценци, дозволи, информации, стандарди) за правните и/или физичките лица и како тоа ќе се одрази врз конкурентноста)*

Со предложените законски измени не се предвидува воведувања на нови оптоварувања во однос на почитување на регулативата.

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Засегнати страни се Управата за извршување на санкциите, казнено-поправните установи, Министерството за правда, судовите, јавните обвинителства, Центрите за социјална работа, Јавните здравствени установи, Јавните претпријатија, Министеството за внатрешни работи и др.
Предложениот закон беше објавен на ЕНЕР со цел запознавање на засегнатите страни и јавноста со неговата содржина и можноста за доставување на коментари и сугестии.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Во подоцнежната фаза од проценката на влијанието на регулативата ќе бидат земени во предвид мислењата од надлежните министерства и тела по предложената содржина.

*(Се дава преглед на добиените мислења со акцент на оние прашања кои предизвикале особен интерес или загриженост кај засегнатите страни. Наведете кои мислења биле земени предвид)*

5.3 *Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*
*(Се наведуваат мислењата кои не биле земени предвид и со образложение за причините за тоа)*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 *Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*
*(Се дава споредбен опис на позитивните и негативните страни или влијанија на можните решенија (опции))*

Основната заложба при изготвување на новиот Закон за пробација е содржинско допрецизирање на одредбите од законот, нормативно-правно подобрување на конкретни законски решенија со цел нивна доследна примена како и усогласување на законот со другите закони и меѓународните стандарди од областа на извршување на санкциите.

6.2 *Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*
*(Се опишуваат ризиците во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции))*

При спроведувањето и примената на предложените законски решенија постојат ризици поради немање на доволно материјални и човечки ресурси.

6.3 *Препорачано решение со образложение*
*(Се опишува препорачаното решение со образложение зошто се препорачува)*

Со предложениот закон се врши унапредување на законските решенија во насока на подобрување на функционирањето на пробацискиот систем.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

7.1 *Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Со донесување на Законот за пробација е неоходно да дојде до промена на постоечките подзаконски акти кои произлегуваат од Законот пробација, а исто така се предвидува донесување и на нови подзаконски акти кои претходно не биле предвидени.

7.2 *Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Правилник за начин на извршување на електронски надзор
Правилник за начин на извршување на општокорисна работа
Правилник за форма, содржина и начинот на водење на регистарот за лицата спрема кои се извршуваат пробациски работи
Упатство за начин на спроведување на стручно-инструкторскиинспекциски надзор над месно надлежните пробациски канцеларии

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Надлежни ограни за спроведување на Законот за пробација се Управата за извршување на санкциите, казнено-поправните , Министерството за правда, Министеството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за локална самоуправа, судовите, јавните обвинителства, Центрите за социјална работа, Јавните здравствени установи, Јавните претпријатија, Општините, Министерство за социјална политика и демографија, Министерство за јавна администрација, Министерство за финансии, Агенција за вработување, граѓански организации и други.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Управата за извршување на санкциите ќе преземе активности за целосна и доследна имплементација на предметните решенија.

**8. Следење и евалуација**

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*
*(Се опишува накратко како ќе се следи спроведувањето и постигнувањето на ефектите од регулативата и кои органи на државната управа ќе бидат вклучени во процесот на следење)*

Резултатите од предложените законски решенија ќе се следат континуирано од страна на Управата за извршување на санкциите.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*
*(Се опишува накратко како ќе се врши евалуација на ефектите од регулативата и на кој временски период)*

Резултатите од предложените законски решенија ќе се следат континуирано преку следење на практичната имплементација на предвидените законски измени.

**Изјава од државен секретар**

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

**Дајанчо Ефтимов**

Датум: 02-09-2025 ............................................

**потпис на државен секретар**

*(Државниот секретар ја потпишува изјавата во нацрт Извештајот пред надлежното министерство да го достави нацрт Извештајот за ПВР до Министерството за информатичко општество и администрација за мислење.*

**НАЛОГ**

Овој Нацрт-извештај за проценка на влијанието на регулативата по однос на Предлог на Законот за пробација да се објави на ЕНЕР.

Датум: 02-09-2025

Игор Филков

---------------------------------

потпис на министер